


За постоењето на најголемиот пеонски град Билазора, кај локалитетот  Градиште, во близина на село Кнежје се знаеше уште од пред 30-тина  години, но до вистински археолошки ископувања дојде пред 5 години, кога  тексашката фондација за археолошко и историско истражување се ангажираше  локалитетот да биде детално истражен.

- Кога во Пела не била престолнината ова било град и еден од центрите на раната антика за целиот овој балкански простор - изјави проф. д-р Драги Митревски, УКИМ

Доколку истите овие предмети беа пронајдени на некои други локалитетите можеби и немаа да имаат некоја археолошка вредност, но бидејќи се ископани во контекст, носат одредена порака и информации за минатото, со што Билазора не само што е лоцирана, туку и ја раскажува својата улога за античкиот свет.

- Кои биле Пеонците? Посебен народ? Кои биле во однос на Македоците. Биле Македонци или не биле Македонци? Како е можно да не заостануваат во ништо, туку да бидат понапредни во однос на хеленскиот свет долу? – изјави проф. Митревски

- Јас мислам дека значи многу за светската историја, заради тоа што древните Македонци едноставно се избришани од светската историја, а ова покажува дека не можат да избришат и дека мора да ги земат в предвид. - изјави проф. Аристотел Тентов

**Од птичја перспектива до самиот град се забележува еден геоглиф на кој со древно македонско писмо е испишано дека е гробница на врховно македонско божество.**

Со откриените артефакти се отвора најсветлата страница од историјата на овој дел од Балканот, на која ќе биде испишан начинот на битисувањето на древните народи на овие простори.

***Никола Ристевски***